РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 26-12-2022 | | |
|---|---|---|---|
| | | Прилог | Вредност |
| 11-15111 | | | |

1363

**До: ОПШТИНА БИТОЛА**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од:

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**ПОД ЧИЈА НАДЛЕЖНОСТ Е ПАРТЕРНОТО УРЕДУВАЊЕ,ЧУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ПАТЕКАТА ПРЕД ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА БИТОЛА,ПОЧНУВАЈКИ ОД ПАРКИНГОТ ПА СЕ ДО ВЛЕЗОТ ЗА ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА?**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
**- б) препис**
**- в) фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго ____________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

**- а) по пошта**
- б) телефон
- в) факс
**- г) е-маил**
- д) друго ____________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во 26.12.2022 година .**

# П О Л Н О М О Ш Н О

Јас долупотпишаниот од го овластувам адвокат по пат на ова полномошно да поднесе оштетно побарување, тужба пред надлежен суд и правно да ме застапува во сите: (кривични, парнични, вонпарнични, оставински и извршни) предмети и правно да ме застапува во истите се до нивно конечно завршување.

Полномошникот е овластен да може да поднесува редовни и вредни правни лекови,да заклучува договори,да постигнува судски и вонсудски порамнувања,да поднесува барање за издавање на препис на Пресуда,како и барања за присилно извршување со цел конечно намирување на побарувањата.

Во случај на спреченост на полномошникот, согласен сум да можи да ангажира друг адвокат.

По пат на ова полномошно ,се обврзувам спрема адвокатот навремено да ги доставувам податоците и доказите со кои располагам а кои се потребни за предметната постапка и чија точност и веродостојност ја гарантирам како и навремено да ги плаќам судските такси, трошоците за евентуално вештачење како и другите такси и давачки кои се потребни за водење на судската постапка.

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Тони Јовановски
Раководител на сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животна средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

Бр.11-151/2
27.12.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-151/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

Примил:
28.12.2022

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 29-12-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-151/3 | | | |

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Бр. 32-770/1 од 29.12.2022 г.**

**До**
**Лице за посредување при остварување**
**на слободен пристап до информации**
**од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

ПРЕДМЕТ: **Известување**

Почитувани,

Во врска со вашето доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр. 11-151/2 од 27.12.2022 година, Ве известуваме дека надлежноста за партерното уредување на патеката пред центарот за култура Битола е на Општина Битола.

Што се однесува до чувањето и одржувањето на наведената локација, ве известуваме дека за истата Општина Битола склучува договори со соодветни фирми и претпријатија во зависност од видот на чување и одржување.

Исто така, ве информира дека согласно програмата за зимска служба, тековното одржување на тротоарите е во надлежност на ЈП „Комуналец“ Битола.

Со почит,

**Битола, 29.12.2022 год.**

**Изготвил:**
**м-р Виктор Ивановски**
**Контролирал:**
**Марјана Спасевска, д.м.и.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА IV

**Раководител на сектор**
**м-р Тони Јовановски д.г.и.**

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-151/4
29.12.2022

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот со стан на поднесено на **26.12.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 Под чија надлежност е партерното уредување, чување и одржување на патеката пред Центар за култура Битола, почнувајчи од паркингот па се до влезот за Центар за култура? **(детален опис на барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од со стан на имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-1/1
2. Допис до Раководител на сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште со бр. 11-151/2 од 27.12.2022 год.
3. Одговор од Раководител на сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште со бр. 11-151/3 од 29.12.2022 год.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 29.12.2022 година, под бр. 11-151/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk